**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 декември 2019 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: ноември 2019 година

– Во ноември, просечната каматна стапка на вкупните кредити изнесува 5,00%, со што продолжи нејзиниот тренд на месечно и годишно намалување, од 0,05 п.п. и 0,40 п.п., соодветно. Просечната каматна стапка на вкупните депозити е непроменета во споредба со претходниот месец и изнесува 1,28%. На годишна основа, кај оваа каматна стапка е забележан пад од 0,14 п.п.

– Просечната каматна стапка на новоодобрените[2] кредити изнесува 4,28% и во ноември забележа месечен раст од 0,02 п.п. Споредено на годишна основа, кај оваа каматна стапка е забележан пад од 0,47 п.п. Кај просечната каматна стапка на новопримените депозити е остварен месечен раст од 0,07 п.п. и изнесува 1,26%, додека на годишна основа оваа каматна стапка е намалена за 0,33 п.п.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[3]

| | 11.2018 | 12.2018 | 1.2019 | 2.2019 | 3.2019 | 4.2019 | 5.2019 | 6.2019 | 7.2019 | 8.2019 | 9.2019 | 10.2019 | 11.2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.40** | **5.33** | **5.30** | **5.28** | **5.26** | **5.23** | **5.20** | **5.19** | **5.15** | **5.13** | **5.09** | **5.05** | **5.00** |
| Корпоративен сектор | 4.69 | 4.63 | 4.59 | 4.57 | 4.54 | 4.52 | 4.48 | 4.45 | 4.42 | 4.38 | 4.32 | 4.27 | 4.22 |
| Домаќинства | 6.12 | 6.08 | 6.03 | 6.02 | 6.01 | 5.98 | 5.94 | 5.92 | 5.86 | 5.84 | 5.81 | 5.78 | 5.74 |
| **Новоодобрени кредити** | **4.75** | **4.49** | **4.77** | **4.76** | **4.84** | **4.71** | **4.68** | **4.70** | **4.68** | **4.61** | **4.46** | **4.26** | **4.28** |
| Корпоративен сектор | 4.42 | 4.30 | 4.43 | 4.33 | 4.53 | 4.31 | 4.34 | 4.29 | 4.20 | 4.22 | 4.11 | 3.89 | 4.00 |
| Домаќинства | 5.36 | 5.03 | 5.41 | 5.54 | 5.49 | 5.35 | 5.18 | 5.22 | 5.27 | 5.22 | 5.10 | 5.06 | 4.93 |
| **Вкупни депозити** | **1.42** | **1.41** | **1.42** | **1.42** | **1.42** | **1.41** | **1.41** | **1.41** | **1.38** | **1.38** | **1.36** | **1.28** | **1.28** |
| Корпоративен сектор | 1.74 | 1.69 | 1.72 | 1.74 | 1.74 | 1.70 | 1.61 | 1.61 | 1.61 | 1.58 | 1.67 | 1.51 | 1.56 |
| Домаќинства | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.35 | 1.35 | 1.32 | 1.25 | 1.25 |
| **Новопримени депозити** | **1.59** | **1.40** | **1.44** | **1.56** | **1.42** | **1.27** | **1.31** | **1.15** | **1.27** | **1.10** | **1.27** | **1.19** | **1.26** |
| Корпоративен сектор | 1.36 | 1.04 | 1.29 | 1.26 | 1.15 | 1.02 | 1.12 | 0.96 | 1.22 | 0.89 | 1.32 | 1.12 | 1.19 |
| Домаќинства | 1.82 | 1.60 | 1.49 | 1.69 | 1.63 | 1.48 | 1.50 | 1.25 | 1.30 | 1.23 | 1.24 | 1.25 | 1.31 |

Извор: НБРСМ.

[1] Под „каматна стапка“ се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити/новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

[3] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозитите/кредитите (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРСМ.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[4]

– Во ноември, каматната стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор изнесува 4,22% и е пониска за 0,05 п.п. во споредба со претходниот месец. Надолната промена е резултат на намалувањето кај сите компоненти, и тоа: каматните стапки на кредитите одобрени во денари без валутна клаузула (за 0,07 п.п.), каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,05 п.п.) и каматните стапки на кредитите одобрени во денари со валутна клаузула (за 0,03 п.п.). Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е намалена за 0,47 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор, овој месец бележи раст од 0,11 п.п. на месечна основа и изнесува 4,00%. Гледано според валутната структура, месечниот раст во целост произлегува од зголемувањето кај каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,20 п.п.), додека кај каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула и кредитите во странска валута е забележан пад (за 0,33 п.п. и 0,25 п.п., соодветно). Во споредба со ноември претходната година, оваа каматна стапка е пониска за 0,42 п.п.







Извор: НБРСМ.

[4] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

– Во ноември 2019 година, просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор изнесува 1,56%, при месечен раст од 0,05 п.п. Притоа, растот е резултат на повисоките каматни стапки на депозитите во денари без валутна клаузула и депозитите во странска валута (за 0,08 п.п. и 0,01 п.п.), додека каматните стапки на депозитите во денари со валутна клаузула се минимално намалени (за 0,01 п.п.). На годишно ниво, просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор оствари пад од 0,18 п.п.

– Кај просечната каматна стапка на новопримените депозити[5] на корпоративниот сектор е забележан месечен раст од 0,07 п.п. и изнесува 1,19%. Нагорната промена се должи на зголемувањето на каматните стапки на денарските депозити со и без валутна клаузула (за 0,17 п.п. и 0,13 п.п.), додека кај каматните стапки на депозитите во странска валута е забележан пад (за 0,13 п.п.). Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е намалена за 0,17 п.п.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[6]







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата во ноември изнесува 5,74%. На месечна основа, кај оваа каматна стапка е остварен пад од 0,04 п.п., како резултат на надолните промени на каматните стапки кај сите компоненти: кредитите во денари без валутна клаузула (за 0,06 п.п.), кредитите во странска валута (за 0,03 п.п.) и на кредитите во денари со валутна клаузула (за 0,02 п.п.). Каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата, на годишно ниво е пониска за 0,38 п.п.

---

[5] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.

[6] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Во ноември, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата изнесува 4,93%, при евидентиран месечен пад од 0,13 п.п. Овој пад се должи на пониските каматни стапки кај денарските кредити со и без валутна клаузула (за 0,31 п.п. и 0,08 п.п., соодветно), додека каматните стапки на кредитите во странска валута се зголемени (за 0,08 п.п.). Во споредба со ноември 2018 година, каматната стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата е намалена за 0,43 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Во ноември, просечната каматна стапка на вкупните депозити на домаќинствата се задржа на нивото од претходниот месец и изнесува 1,25%. Во споредба со ноември 2018 година, каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата забележа надолно поместување за 0,13 п.п.

– Просечната каматна стапка на новопримените депозити на домаќинствата[7], овој месец, изнесува 1,31% и е повисока за 0,06 п.п. на месечна основа. Месечниот раст целосно се должи на зголемените каматни стапки на депозитите примени во странска валута (за 0,10 п.п.), во услови на пад на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,02 п.п). Во ноември, не се евидентирани новопримени износи на денарски депозити со валутна клаузула. На годишно ниво, просечната каматна стапка на новопримените депозити на домаќинствата е намалена за 0,51 п.п.

[7] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 31 јануари 2020 година (референтен пресек заклучно со декември 2019 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/108).